**Годишен извештај на Одборот на Директори**

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
ДО РЕДОВНОТО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ
ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01/01/2021 ГОД. ДО 31/12/2021 ГОД.

**ДО РЕДОВНОТО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ**

*Почитувани акционери,*
*Со ова го поднесуваме одборението на Финансиските извештаи од Друштвото за финансиската година заклучно со 31 декември 2021 година. Финансиските извештаи се подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.*

**1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**
МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп ("**Друштвото**") ја врши својата дејност според Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/96) на Република Северна Македонија и нивна главна дејност е експлоатација, преработка и трговија со мермер и декоративни камења. Рудникот, фабриката и седиштето на Друштвото се наоѓаат во Прилеп.

**2. ВАЖНИ НАСТАНИ ВО 2021 ГОДИНА**
Друштвото го прилагоди своето работење на во услови на пандемијата со Ковид 19 и во текот на 2021 година последици од неа беа воглавно надминати.

Зголемените трошоци за гориво во текот на годината, резултираа со зголемени трошоци за производство пред амортизација за околу 4%, тој износ беше целосно апсорбиран поради зголемените продажби.

**3. ЕФИКАСНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО ВО 2021 ГОДИНА**

- Обртот за периодот е зголемен за 36.1% споредено со 2020, како резултат на надминувањето на тешкотиите предизвикани од пандемијата со Ковид 19.

- Бруто профитот изнесува 70.5% од прометот, споредено со бруто маржата 60.2% во 2020. Заедно со поголемиот промет, во апсолутни бројки, бруто профитот во 2021 се зголеми на 21,3 милиони евра од 13,3 милиони евра во 2020.

- Вкупните административни и продажни трошоци за периодот се зголемија за 6.1% наспроти 2020. Во тоа значително придонесоа трошоците за транспорт на производите.

- Друштвото пријави оперативна добивка пред камата и данок (EBIT) од 16,5 милиони евра наспроти 8,8 милиони евра во 2020 година.

- Добивката пред данок, камата и амортизација (EBITDA) за 2021 година забележа зголемување на 18,7 милиони евра наспроти  11,1 милиони евра во 2020 година.

- Добивката по оданочување (EAT) за 2021 година изнесува 14,8 милиони евра која соодветствува со износот од 2020 година 8,3 милиони евра.

- На 31 декември 2021 година банкарските кредити се исплатени наспроти 1,0 милион евра на 31 декември 2020 година.

- Капиталот на 31 декември 2021 година изнесува 43,0 милиони евра, во споредба со 38,6 милиони евра на 31 декември 2020 година.

## 4. ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА ДРУШТВОТО (ФИНАНСИСКИ КОЕФИЦИЕНТИ)

| | **31/12/2021** | **31/12/2020** |
|---|---|---|
| Бруто маржа (Бруто добивка/Продажба) | 70.5% | 60.2% |
| EBITDA /Продажба | 62.1% | 50.1% |
| Добивка по оданочување / Продажба | 49.1% | 37.5% |
| Добивка по оданочување / Акционерски капитал | 34.4% | 21.5% |
| Вкупно обврски / Капитал | 2.4% | 5.6% |
| Кредити / Капитал | 0.0% | 2.5% |
| Нето долгови/ Капитал | (33.7%) | (27.2%) |
| Нето долгови/ EBITDA | (0.78x) | (0.95x) |
| Тековни средства / Вкупно средства | 64.1% | 58.7% |
| Тековни средства / Тековни обврски | 27.0x | 17.7x |
| EBITDA / Финансиски трошок (нето) | 179.1x | 255.8x |

## 5. ОСНОВНИ РИЗИЦИ И НЕИЗВЕСНОСТИ

### 5.1 ДОБАВУВАЧИ – ЗАЛИХИ

Друштвото не е значајно зависно од одредени добавувачи, бидејќи врши експлоатација на мермер, врз основа на долгорочен договор за концесија. Потрошениот материјал и резервните делови се купени од разни домашни и странски доверливи добавувачи.

### 5.2 КУПУВАЧИ

Поголемата количина на тргување во 2021 година беше насочена кон земјите од Југоисточна Азија. Менаџментот на компанијата верува дека Друштвото е добро позиционирано и може да се соочи со било какви потешки економски околности, врз база на следните фактори:

- Друштвото има диверзифицирана група на постоечки и нови купувачи, од кои со повеќето има долгорочна соработка.
- Според политиката на Друштвото сите поголеми побарувања се обезбедени со различни видови на колатерали како банкарски гаранции, акредитиви и парични депозити. Кредитниот квалитет на побарувањата од купувачите на 31 декември 2021 е оценет како многу добар.
- Поголемите купувачи на друштвото немаат финансиски потешкотии при нивното делување на глобалниот пазар.

Воглавно Друштвото има цврста позиција, доволно капитал и ликвидност за да ги извршува своите оперативни активности и да ги плаќа обврските. Целите и политиките на Друштвото за менаџирање на неговиот ризик од капитал, кредитен ризик и ризик од ликвидност се опишани во Годишните финансиски извештаи.

**5.3 ПОЗАЈМИЦИ**

Во однос на своето финансирање, Друштвото соработува со Комерцијална Банка А.Д., домашна банка. На 31 декември 2021 година позајмиците се исплатени.

**5.4 ДЕВИЗЕН И КАМАТЕН РИЗИК**

***Ризик од курсни разлики.*** Друштвото има деловни активности на меѓународни пазари и е изложено на ризици од курсни разлики кои произлегуваат од изложеност кон различни валути, посебно во однос на Еврото. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Евидентираната вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валута е како што следи:

| | | **2021** | **2020** |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| Финансиски побарувања | ЕУР | 4,043,186 | 4,008,719 |
| Парични средства и еквиваленти | ЕУР | 10,380,880 | 6,972,311 |
| Побарувања од купувачи – странски должници | ЕУР | 8,095,832 | 5,379,802 |
| Побарувања од купувачи – странски должници | УСД | 25 | 25 |
| | | **22,519,923** | **16,360,857** |
| **Обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи – странски добавувачи | ЕУР | (168,760) | (369,076) |
| Позајмици | ЕУР | - | (983,824) |
| | | **(168,760)** | **(1,352,900)** |

| Анализа на девизна сензитивност | Нето износ | **+1%** | **+5%** | **-1%** | **-5%** |
|---|---|---|---|---|---|
| **31 декември 2021** | | | | | |
| ЕУР | 22,351,138 | 223,511 | - | (223,511) | - |
| УСД | 25 | - | 1 | - | (1) |
| Добивка или (загуба) | **22,351,163** | **223,511** | **1** | **(223,511)** | **(1)** |
| | | | | | |
| **31 декември 2020** | Нето износ | **+1%** | **+5%** | **-1%** | **-5%** |
| ЕУР | 15,007,932 | 150,079 | - | (150,079) | - |
| УСД | 25 | - | 1 | - | (1) |
| Добивка или (загуба) | **15,007,957** | **150,079** | **1** | **(150,079)** | **(1)** |

Анализата на сензитивност вклучува само монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, како и направена е корекција на нивната вредност при промена на курсот на еврото за 1%, додека на останатите странски валути се врши корекција за 5%. Позитивниот, односно негативен износ укажува на зголемување / намалување на добивка или друг капитал, кој се јавува кога денарот слабее / ја зајакнува својата вредност во однос на еврото за +/- 1%. Додека за останатите странски валути за + / - 5%.

***Каматен ризик***. Каматниот ризик е ризик дека објективната вредност на идните готовински приливи на некој финансиски инструмент ќе флуктуираат поради промени во пазарните каматни стапки. Изложеноста на Друштвото на ризик од промена на пазарните каматни стапки се однесува првенствено на долгорочна должничка обврска на компанијата со променлива каматна стапка. Раководството на Друштвото е првенствено одговорно за секојдневно следење на ризична позиција на нето каматната стапка и поставува граници за да се намали потенцијалот на несогласување на каматната стапка.
Табелата подолу ја прикажува изложеноста на Друштвото на каматен ризик.

| | **2021 во Евра** | **2020 во Евра** |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| Без каматна стапка: | | |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 8,104,423 | 5,353,969 |
| Парични средства и еквиваленти | 110 | 510 |
| | **8,104,533** | **5,354,479** |
| Со фиксна каматна стапка | | |
| Финансиски побарувања | 4,043,186 | 4,008,719 |
| Парични средства и еквиваленти | 10,461,780 | 7,475,100 |
| | 14,504,966 | 11,483,819 |
| **Вкупно** | **22,609,499** | **16,838,298** |
| | | |
| **Обврски** | | |
| Без каматна стапка: | | |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 891,205 | 1,029,216 |
| | **891,205** | **1,029,216** |
| Со фиксна камата: | | |
| Позајмици | - | - |
| | - | - |
| Со променлива каматна стапка: | | |
| Позајмици | - | 983,824 |
| | **-** | **983,824** |
| Чувствителност на камата | **891,205** | **2,013,040** |

*Номиналните каматни стапки се базираат на еуробор + 3.8%*

| Анализа на сензитивноста на каматните стапки | Нето износ во евра | +2% | -2% |
|---|---|---|---|
| **На 31 декември 2021** | | | |
| Позајмици со променлива каматна стапка | - | - | - |
| **На 31 декември 2020** | | | |
| Позајмици со променлива каматна стапка | (983,824) | (19,676) | 19,676 |

**5.5 КАДАР**
Раководството на Друштвото е предводено од страна на тим од искусни менаџери, вклучувајќи и извршни директори со меѓународно искуство и позадина.

На 31 декември 2021 година, Друштвото имаше вработено вкупно 284 лица (330 лица на 31 декември 2020 година).

**5.6 ЖИВОТНА СРЕДИНА, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ**
Друштвото ги почитува законите кои ги пропишуваат правилата за животна средна, како и прописите за безбедност и здравје на работното место, релеванти за природата на дејноста на Друштвото.
За Друштвото, нејзиниот развој и раст одат рака под рака со здравјето и безбедноста на сите вработени, правејќи ги здравјето и безбедноста врвен приоритет за Друштвото.

Друштвото доби сертификат за ISO 14001:2015 Систем за управување со животна средина и ISO 45001:2018 Систем за управување со безбедност и здравје при работа.

**6. ДИВИДЕНДИ**
На вонредното собранието на акционерите одржано на 10 септември 2021, со одлука бр.02-4382/2, дел од акумулираните добивки остварени до 31 Декември 2020 година во износ од 10,498,562 евра се распределени за исплата на дивиденда, по 2,24 евра по акција. Во периодот заклучно со 31 декември 2021 година, Друштвото исплати дивиденди на своите акционери во вкупен износ од 10,383,780 евра и 112,690 евра данок на исплатени дивиденди.

**7. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ И ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЈАСНУВАЊЕ СПОРЕД ЧЛЕН 4 ПАРАГРАФ 7 ОД ЗАКОНОТ 3556/2007, што е во сила денес.**

**7.1 СТРУКТУРА НА АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ**
Развојот и покриеноста на акционерскиот капитал на Друштвото од нејзиното основање до денес е прикажано во следната табела:

| РАЗВОЈ НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Датум на Генерално собрание** | **Износ на зголемување на капитал** | | **Покриеност во готово** | | **Капитал по зголемување** | | **Вкупно акции** | **Номинална вредност по акција** | |
| **Валута** | **DEM (германски марки)** | **€ Евра** | **DEM (германски марки)** | **€ Евра** | **DEM (германски марки)** | **€ Евра** | | **DEM (германски марки)** | **€ Евра** |
| Завршување на приватизација | | | | | 5,500,000 | 2,812,105 | 55,000 | 100 | 51.13 |
| 23/03/01 | 2,750,000 | 1,406,052.6 | 2,750,000 | 1,406,052 | 8,250,000 | 4,218,158 | 82,500 | 100 | 51.13 |
| 07/06/02 | Реденоминација на акционерски капитал од DEM во EUR | | | | | | 4,218,158 | | 1.00 |
| **Вкупно пред зголемување** | | | | | | **4,218,158** | **4,218,158** | | **1.00** |
| **Зголемување (19/12/02 & 23/10/03** | | **468,700** | | **468,700** | | **4,686,858** | **468,700** | | **1.00** |
| **Вкупно по зголемување** | | | | | | **4,686,858** | **4,686,858** | | **1.00** |

Акционерскиот капитал на Друштвото изнесува 4,686,858 € и е поделен во 4,686,858 заеднички обични регистрирани акции по номиналната вредност 1,00 евро по акција.

**7.2 ОГРАНИЧУВАЊА ЗА ПРЕНОС НА АКЦИИ ОД ДРУШТВОТО**

Нема ограничувања за пренос на акции.

**7.3 ВАЖНИ ДИРЕКТНИ / ИНДИРЕКТНИ УДЕЛИ**

На 31 декември 2021 година, следниве акционери поседуваат повеќе од 5% од вкупните права на глас на Друштвото:

| | Број на акции | Износ во евра | % |
|---|---|---|---|
| *Stone Works Holdings Cooperatief U.A. Netherlands* | 4,182,888 | 4,182,888 | 89.25 |
| *Piraeus Bank S.A.(види Белешка)* | 468,700 | 468,700 | 10.00 |

***Белешка:*** *Piraeus Bank е издавачот на "EL.PIS."(Потврда од грчки депозитар) како и Старател на нивните соодветни акции. Една (1) "EL.PIS." претставува една (1) обична акција од МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп со номинална вредност од 1,00 евро.*

**7.4 АКЦИИ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ПОСЕБНА КОНТРОЛА НА ПРАВА**

Нема акции кои даваат посебни права

**7.5 ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ГЛАСАЧКОТО ПРАВО**

Нема ограничувања на гласачкото право.

**7.6 ДОГОВОРИ НА АКЦИИ ОД ДРУШТВОТО**

Друштвото нема сознание за какви било договори меѓу акционерите на Друштвото што подразбира ограничувања на пренос на акции.

**7.7 ПРАВИЛА НА ИМЕНУВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ и ИЗМЕНИ НА СТАТУТОТ КОИ ОТСТАПУВААТ ОД ЗАКОНОТ 2190/1920**

Не е применливо.

**7.8 ОВЛАСТУВАЊА НА ОДБОРОТ ИЛИ ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ ВО ИЗДАВАЊЕТО НА НОВИ АКЦИИ ИЛИ КУПУВАЊЕТО НА СОПСТВЕНИ АКЦИИ**

Не постојат соодветни овластувања.

**7.9 ВАЖНИ ДОГОВОРИ КОИ СТАПУВААТ НА СИЛА, ИЗМЕНЕТИ ИЛИ ПРЕКИНАТИ СО ПРОМЕНА ВО КОНТРОЛАТА НА ДРУШТВОТО НА ПРЕЗЕМАЊЕ.**

Не постои никаков договор.

**7.10 ВАЖНИ ДОГОВОРИ СО ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ИЛИ ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРУШТВОТО**

Не постои никаков договор.

**7.11 СОСТАВ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ**

На 28 мај 2021, на генералното годишно собрание на акционерите беа реизбрани за членови на Одборот на директори Христофорос Павлидис, Николаос Димарелис и Зоран Пандев. Исто така, на вонредното собрание на акционери одржано на 10 септември 2021 година, за неизвршен член на Одборот на директори беше избран Тријандафилос Тријандафилу. После тие промени составот на Одборот на директори е следен:

1. Христофорос Павлидис, неизвршен член, Претседател на одборот
2. Василеиос Анагносту, извршен член, главен извршен директор
3. Јасна Ажиевска Петрушева, извршен член
4. Николаос Димарелис, неизвршен член
5. Тријандафилос Тријандафилу, неизвршен член
6. Зоран Пандев, независен неизвршен член

**8. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ**

| | Побарувања | Обврски | Приходи | Набавки | Парични средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **31/12/2021 во Евра** | | | | | |
| Stone Works Holding Coöperatief U.A. Netherlands | - | - | - | - | - |
| Pavlidis SA Marble – Granite Drama Greece | 1,925,795 | - | 4,033,683 | 317,995 | - |
| Надоместоци за менаџментот | - | - | - | 402,861 | - |
| | **1,925,795** | **-** | **4,033,683** | **720,856** | **-** |

| | Побарувања | Обврски | Приходи | Набавки | Парични средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **31/12/2020 во Евра** | | | | | |
| Stone Works Holding Coöperatief U.A. Netherlands | - | - | - | - | - |
| Pavlidis SA Marble – Granite Drama Greece (период од 05/09/2017) | 49,412 | - | 2,648,057 | 407,756 | - |
| Надоместоци за менаџментот | - | - | - | 589,776 | - |
| | **49,412** | **-** | **2,648,057** | **997,532** | **-** |

**9. ПРЕТСТАВНИШТВА**

Друштвото нема ниту едно претставништво.

## 10. ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБАТА

По 31 декември 2021 година до денот на одобрување на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.

## 11. ПЛАНОВИ ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА

2022 година се очекува да биде период на позитивни оперативни и финансиски резултати под услов влијанието на пандемијата со Ковид 19 врз глобалната економија да не стане посериозно. Исто така, треба да се истакне дека Друштвото нема директна изложеност на рускиот или на украинскиот пазар. Сепак, конфликтот може да има негативен ефект врз работењето на Душтвото поради глобалната економска и енергетска криза. Раководството на Друштвото се уште не може со разумна сигурност материјално да го квантифицира влијанието на кризата. Раководството на Друштвото оценува дека, до датумот на издавањето на овие посебни финансиски извештаи, работењето и финансиската состојба на Друштвото се материјално непроменети како резултат на кризата.

## 12. КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

**Принципи на корпоративно управување кои ги следи Друштвото**

Во годината на известување, Друштвото ги остваруваше своите активности со две тела: Собрание на акционери и Одбор на директори.

Собранието на акционери на Друштвото одржа една редовна седница во 2021 година. Тоа се одржа на 28 мај 2021 година, на кое акционерите гласаа за и ги одобрија (1) годишната сметка за периодот 01 јануари до 31 декември 2020 година, (2) финансиските извештаи и извештајот на независните ревизори за 2020 година (3) годишниот извештај на Одборот на директори за работењето на Друштвото во финансиската 2020 година, (4) одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2020, (5) распределбата на нето добивката од 2020 година, (6) годишниот извештај на Внатрешната ревизија за 2020 година, (7) назначување на друштво за ревизија за 2021, (8) реизбор на членови на Одборот на директори.

Исто така беше одржано едно вонредно собрание на акционери на 10 септември 2021 каде беа донесени одлуки за распределба на дел од акумулираните добивки остварени до 31 Декември 2020 година за исплата на дивиденда и избор на дополнителен член на Одборот на директори.

Во текот на 2021 година Друштвото нема склучено големи трансакции како што се продажба на имотот над 20% од нето сметководствената вредност на вкупните средства или големи трансакции со заинтересирани страни со кои може да се појави конфликт на интереси.

Одборот на директори ги врши своите должности во согласност со Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, одржа редовно 10 седници и ги презеде сите неопходни активности за да обезбеди правилно функционирање на Друштвото.

**Опис на внатрешна контрола и внатрешни системи за управување**

**Внатрешна контрола:** Одборот на директори е одговорен за разгледување на ефикасноста на системот на компанијата за внатрешната контрола. Внатрешниот ревизор ги поднесе соодветните извештаи навремено.

**Кодот на деловно однесување:** Компанијата одржува Код на деловно однесување и етика, вклучително и Политика за спречување на поткуп и корупција, која важи за сите вработени и е потпишана од страна на сите вработени.

**Организациска структура:** Постои јасна организациска структура, хиерархиска нареденост и контрола на одговорностите. Надлежност на вработените се одржува преку строги политики за вработување и систем за оценување.

**Улоги и одговорности:** Постојат документирани ограничени одобрувања од страна на Одборот на директори за сите форми на плаќања, приходи, банкарски трансфери, како и други одговорности. Покрај тоа, постојат описи на работни места за сите позиции.

**Систем за информации:** Системот за информации е развиен за поддршка на процесот во донесување на одлуки во Друштвото.

**Планирање и следење:** Постои детален годишен и месечен буџет, кој беше подложен на соодветен надзор и одобрен од страна на Одборот на директори. Споредбите се направени помеѓу тековните, историските и буџетираните приходи, трошоци и клучните индикатори со соодветно детални објаснувања добиени за сите значајни разлики.

**Систем за сметководствено управување:** Поставен е детален систем за сметководствено управување кој обезбедува управување со индикатори за мерење на финансиско и оперативно работење. Детални менаџерски извештаи се подготвуваат месечно со цел да ја покријат секоја поголема област на бизнисот. Разликите помеѓу планот и претходно предвидените анализи се анализирани, објаснети и се делува врз нив. Како и редовните дискусии на Одборот, неделните состаноци се одржуваат со повисокиот менаџерски тим за да се разговара за ефикасноста.

Се што е погоре споменато поврзано со финансиската состојба на Друштвото, може да се најде во финансиските извештаи од 31 декември 2021 година.

Прилеп, 18 март 2022 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Христофорос Павлидис